РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св. Климент Охридски - Битола
Технолошко-технички факултет - Велес
Бр. 02-263/2
03.09. 2020 год.
Велес

Врз основа на Одлуката бр.02-263/1 од 31.08.2020 година, Деканот на Технолошко-технички факултет Велес распишува

# О Г Л А С
## за пријавување на кандидати за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Технолошко-технички факултет Велес

Се распишува Оглас за избор на:

1) 6 (шест) кандидати за членови на Факултетското студентско собрание на Технолошко-технички факултет Велес
2) претседател на Факултетското студентско собрание на Технолошко-технички факултет Велес

Право да се пријават за членови на факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Технолошко-технички факултет Велес, кои се запишани на студии во академската 2019/2020 година.

Право да се пријават за претседател на Факултетското студентско собрание имаат редовните студенти на Технолошко-технички факултет Велес, кои се запишани на студии во учебната 2019/2020 година.

Едно лице има право да конкурира само за една од наведените позиции.

Мандатот на избраните членови на факултетското студентско собрание и на претседателот на Факултетското студентско собрание трае 1 (една) година, со право на уште еден избор и започнува на почетокот на учебната 2020/2021 година.

Гласањето за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание се спроведува преку тајно и непосредно гласање од студентите на факултетот, кое ќе се одржи на ден 29.09.2020 година од 10:00 до 13:00 часот во просториите на Технолошко-технички факултет во Велес и на Дисперзираните студии во Битола и во Кичево.

Кандидатите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание поднесуваат:

-Пријава (образец кој се подига во архивата на Факултетот);
-Биографија;
-Потврда за запишани студии во учебната 2019/2020 година.

Огласот трае 7 (седум) дена од објавувањето и се објавува на огласната табла и веб страната на Факултетот.

Пријавите со потребни документи по огласот се поднесуваат до Технолошко-технички факултет Велес, по пошта на адреса ул."Димитар Влахов" бб Велес, или лично во архивата на факултетот до Изборната комисија за спроведување на изборите, најдоцна до 10.09.2020 година.

Декан
Вонр.проф.д-р Татјана Калевска